# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 2 Декември 2009 година<br>Службен гласник број 16<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ПУМПНА СТАНИЦА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО МБ "БЕГОВА ЛИВАДА" КО ВАРОШ**

1. Одлуката за донесување локална урбанистичка планска документација за изградба на пумпна станица за водоснабдување во МВ "Бегова ливада" КО Варош, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 3059/1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
02.12.2009 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Марјан Ристески

Врз основа на чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03 4/05 и 10/08), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на ден 01.12.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за донесување **локална урбанистичка планска документација** за изградба на пумпна станица за водоснабдување во МВ "Бегова ливада" КО Варош

**чл.1**

**Се донесува локална урбанистичка планска документација**(во понатамошен текст-планска документација**) за изградба на Пумпна станица за водоснабдување на КП бр. 4860, 3223/11, 4861, 4443/3, 4441/3, 4443/1, 4649, 4444/8, 4440/16, 4440/13, 4435/9 и 4437, м.в. „Бегова ливада„ .**

**чл.2**

Планската документација од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

**1.Планска програма- усвоена со Одлука на Совет,** бр.07-2921/13 од 12.11.2009 год;

**2.Решение за услови за планирање на просторот-бр.** 15-10180/4 од 25.11.2009г**.,;**

**3.Извештај од извршена Стручна ревизија,бр.03-111** од 26.11.2009 год., изработена ЈП за ПУП-Прилеп;

**4.Согласности** :**Министерство за животна средина и просторно планирање,** бр.11-10181/2 од 24.11.2009г.; **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**, бр.12-14990/2 од 21.11.2009 г.; **Дирекција за заштита и спасување**, бр.09-521/2 од 23.11.2009г; **ЈКП„Водовод и канализација„** бр.03-673/2 од 23.11.2009г.; **ЕВН**, бр.27-3723/2 од 24.11.2009г. и **Македонски Телеком**, бр.03-117/1 од 23.11.2009г и **Завод за заштита на споменици на културата и музеј бр.** 08-476/2 од 23.11.2009година .

6.**Решение за давање на согласност за трајна пренамена бр.22-15026/3 од 27.11.09год. од Министерство за замјоделство,шумарство и водостопансто Скопје.**

**7.Предлог од комисијата, бр.09-2617/14 од 26.11.2009 год;**

**8. Согласност од Завод и Музеј бр. 08-476/2 од 23.11.2009 година**

**9.Решение за одобруваље на ЛУПД од Градоначалникот, бр.03-3024/1 од 26.11.2009 год.**

**10.Комплетен примерок од предлог планската документација,** тех. бр.44/09год., Ноември 2009 год., изработена од **ДООЕЛ гУрбан Проектг** од Прилеп,**кој содржи:**

**А. ОПШТ ДЕЛ**

1. Насловен лист
2. Содржина
3. Регистрација на проектанската организација
4. Лиценца на правното лице за изработка на урбанистички планови
5. Овластување на планерот за изработување на урбанистички планови
6 . Планери кои учествуваат при изработката на ДУП

**V. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**
**VI.** Текстуален дел
Графички прилози

**Б. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
Текстуален дел
Графички прилози

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

## СОДРЖИНА:

Текстуален дел

## А. Планиран развој Страна

1. Вовед
2.Географска и геодетска местоположба 7
3.Опис и образложение на планските решенија на ДУП 7
3.1. Површина и намена 7
3.1.1. Домување - семејни домување во станбени куќи 8
- Густина на населеност 8
3.2. Парцелација и регулација 9
4. Инфраструктура 10
4.1.Сообраќајна инфраструктура 10-11
Вкупна рекапитулација 12
4.2 Хидротехничка инфраструктура 13
4.2.1. Водоснабдување 13
4.2.2. Фекална канализација 13
4.2.3.Дождовна канализација 14
4.2.4.Електроенергетска инфраструктура 14
- Електика 14-15
- телекомуникациска мрежа 16
5. Општи услови за изградба и спроведување на планот 16-17
6. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште 17-18
7. Билансни показатели 19-27

**Графички дел**

1. План на намена на земјиштето и градбите М= 1:1000 л.бр. 1
2. Регулационен план М=1:1000. л.бр. 2
3. План на површини за градење М=1: 1000 л.бр. 3
4. Сообрајќаен план со нивелманско решение М=1:1000 л.бр. 4
5. Инфраструктура (електрика ; водовод и канализација) л. бр. 5
6. Синтезен план со билансни показатели л. бр. 6

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**Текстуален дел**

Документациона основа (анализа на постојна состојба)

страна

1. Граници и површина 1
2. Историјат на планирањето 1
3.Природни фактори и валоризација на вредностите на поширокиот опфат 1
3.1. Природни фактори
3.1.1. Географска положба 1
3.1.2 Сеизмика на просторот 2
3.1.3. Клима 2
4. Културно наследство 2
5. Инвентаризација и снимање на постојните објекти 2
5.1. Домување 3
5.3. Слободни површини 4
6.Инвентаризација и снимање на постојната инфраструктура 4
6.1 Сообраќајна инфраструктура 4
6.2 Водовод и канализација 5
6.2.2.Фекална канализација 5
6.2.3 Дождовна канализација 5
6.3 Електроенергетска инфраструктура 5
Анализа на степен на реализација на важечкиот урбан.план 6
8. Анализа на можностите за просторен развој 6
9.Табеларни и билансни показатели 6-7

**Графички прилози**

1. Извод од ГУП на Прилеп М = 1 : 5000 л.бр. 1
2. Геодетски план за реамбулација (скица - "ГПС - Катастар" - Прилеп) М = 1 : 1000 л.бр 2
3. Документациона основа (Анализа на постојна состојба) М = 1 : 1000 л.бр. 3

**Чл.3**

Планската документација се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето во 5(пет) примероци од кои: еден примерок се чува во органот што ја одобрил, еден примерок задржува барателот, еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и еден примерок во Агенцијата за катастар на недвижности.

Заверката со потпиес и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Советот на општина Прилеп е должен, по донесување на планската документација да обезбеди картирање на истата на хамер.

**Чл.5**

Планската документација ќе ја спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.6**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планската документација се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Чл.7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во вСлужбен гласник на општина Прилепг.

Број 07 - 3055/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.12.2009 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУСОТ И СВОЈСТВОТО ЧЛЕН НА ЗЕЛС НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за потврдување на статусот и својството член на ЗЕЛС на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 3059/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.12.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 15, а во врска со член 81 став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/02) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" бр. 6/03, 4/05 и 11/08) Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 01.12.2009 година , донесе:

**О Д Л У К А**
за потврдување на статусот и својството член на ЗЕЛС на општина Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се потврдува статусот и својството на член во Здружението на општините "Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија - ЗЕЛС", на општина Прилеп.

Оваа Одлука се донесува заради упис на Здружението на општините "Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија - ЗЕЛС" (понатаму во текстот:ЗЕЛС) во Централниот Регистар на Република Македонија, во согласност со Закон.

Член 2

Општина Прилеп и понатаму го продолжува својството член на ЗЕЛС под условите утврдени со Статутот и другите акти со кои се утврдува организацијата и делокругот на работа на Здружението на општините "Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија - ЗЕЛС".

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 3055/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.12.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА А4, Б1 И В4 НА КП БР. 10921 И 13810/1**

1. Одлуката за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација и усвојување на планска програма за изградба на објекти со класа на намена А4, Б1 и В4 на КП бр. 10921 и 13810/1, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 3059/3
02.12.2009 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.15-а ст.2 и чл.50-а став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/2007и 91/09), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 01.12.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
За утврдување потреба од изработка Локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за изградба на објекти со класа на намена А4 ;Б1 и В4 на кп. бр.10921 и 13810/1

**Чл.1**

**Се утврдува потреба** од изработка на **Локална урбанистичка планска документација ( во понатамошниот текст ЛУПД) за кп. бр. 10921 и 13810/1** за формирање на градежна парцела со **вкупна површина од 0.84ха**.

**Чл.2**

**Се усвојува Планската Програма** за изработка на ЛУПД **за изградба на објект со класа на намена А4;Б1 и В4.**

**Чл.3**

Планската Програма содржи текстуален и графички дел.

**Чл.4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 3055/4
01.12.2009 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА СТАНБЕНА ЗГРАДА СО КЛАСА НА НАМЕНА А2, НА КП БР. 15401/4-15424**.

1. Одлуката за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација и усвојување на планска програма за изградба на станбена зграда со класа на намена А2, на КП бр. 15401/4-15424, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 3059/4
02.12.2009 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.15-а ст.2 и чл.50-а став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/2007и 91/09), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 01.12.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за утврдување потреба од изработка Локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за изградба на станбена зграда со класа на намена А2 на кп. бр.15401/4-15424

**Чл.1**

Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација ( во понатамошниот текст ЛУПД) на кп. бр.15401/4 -15424 за формирање на градежна парцела за изградба на станбена зграда со класа на намена А2 со вкупна површина од 4537,89 м$^2$.

**Чл.2**

Се усвојува Планската Програма за изработка на ЛУПД за изградба на станбена зграда со класа на намена А2 (Колективна станбена зграда) .

**Чл.3**

Планската Програма содржи текстуален и графички дел.

**Чл.4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 3055/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.12.2009 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2009 ГОДИНА**

1. Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 3059/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.12.2009 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/2002), и член 43 од Статутот на Општина Прилеп (,,Службен гласник на Општина Прилеп,, 4/2005) Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 01.12.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за измена на распоредот на средствата во
Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година и тоа на следниот начин:

| **Потпрограма**<br><br>**Програма** | **Буџет** | **Самофин.** | **Донации** | **Дотации** | **Кредит** |
|---|---|---|---|---|---|
| **V 10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| **401130** Основни плати - други вработени | 0 | 0 | 0 | -1.455.000 | 0 |
| **401510** Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | 0 | -545.000 | 0 |
| **402110** Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 0 | -838.000 | 0 |
| **402210** Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | 0 | -162.000 | 0 |
| **423410** Прехранбени продукти и пијалоци | 0 | 0 | 0 | 1.455.000 | 0 |
| **424430** Поправка и одржување на опрема | 0 | 0 | 0 | 545.000 | 0 |
| **421120** Водовод и канализација | 0 | 0 | 0 | .838.000 | 0 |
| **425420** Примарна здравствена заштита | 0 | 0 | 0 | 162.000 | 0 |
| | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 3055/6
01.12.2009 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

# *С О Д Р Ж И Н А*
## *на "Службен гласник на Општина Прилеп"*
## *број 16 од 02.12.2009 година*

1. Одлука за донесување локална урбанистичка планска документација за изградба на пумпна станица за водоснабдување во МВ "Бегова ливада" КО Варош........................................................................................ **Стр. 1**

2. Одлука за потврдување на статусот и својството член на ЗЕЛС на Општина Прилеп......................................................................................... **Стр. 3**

3.Одлука за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација и усвојување на планска програма за изградба на објекти со класа на намена А4, Б1 и В4 на КП бр. 10921 и 13810/1. ......................................................................................................................... **Стр. 4**

4.Одлука за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација и усвојување на планска програма за изградба на станбена зграда со класа на намена А2, на КП бр. 15401/4-15424. ......................................................................................................................... **Стр. 4**

5. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година....................................................................... **Стр. 6**

**Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.**